# DECISIONS

## COUNCIL DECISION (CFSP) 2022/376

**of 3 March 2022**

**amending Decision 2014/119/CFSP concerning restrictive measures directed against certain persons, entities and bodies in view of the situation in Ukraine**

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 29 thereof,

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 5 March 2014, the Council adopted Decision 2014/119/CFSP [1].

(2) On the basis of a review of Decision 2014/119/CFSP, the application of restrictive measures directed against certain persons, entities and bodies should be extended until 6 March 2023 in respect of three persons, and until 6 September 2022 in respect of four persons. Furthermore, the information in the Annex to Decision 2014/119/CFSP regarding the rights of defence and the right to effective judicial protection, including the fundamental right to have a fair and public hearing within a reasonable time by an independent and impartial tribunal previously established by law, should be updated. Moreover, the entry for one person – against whom the application of restrictive measures expired on 6 September 2021 – as well as the information regarding his rights of defence and his right to effective judicial protection should be deleted.

(3) Decision 2014/119/CFSP should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

Decision 2014/119/CFSP is amended as follows:

(1) in Article 5, the second paragraph is replaced by the following:

'This Decision shall apply until 6 March 2023. With regard to entries 1, 3, 7 and 9 in the Annex, the measures in Article 1 shall apply until 6 September 2022.';

(2) the Annex is amended as set out in the Annex to this Decision.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the date of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Brussels, 3 March 2022.

*For the Council*
*The President*
G. DARMANIN

---

(1) Council Decision 2014/119/CFSP of 5 March 2014 concerning restrictive measures directed against certain persons, entities and bodies in view of the situation in Ukraine (OJ L 66, 6.3.2014, p. 26).

*ANNEX*

The Annex to Decision 2014/119/CFSP is amended as follows:

(1) in Section A ('List of persons, entities and bodies referred to in Article 1'), the entry for the following person is deleted:

17. Oleksandr Viktorovych Klymenko (Олександр Вікторович Клименко);

(2) Section B ('Rights of defence and right to effective judicial protection') is replaced by the following:

'B. Rights of defence and the right to effective judicial protection

**The rights of defence and the right to effective judicial protection under the Code of Criminal Procedure of Ukraine**

Article 42 of the Code of Criminal Procedure of Ukraine ("Code of Criminal Procedure") provides that every person who is suspected or accused in criminal proceedings enjoys rights of defence and the right to effective judicial protection. These include: the right to be informed of the criminal offence of which he has been suspected or accused; the right to be informed, expressly and promptly, of his rights under the Code of Criminal Procedure; the right to have, when first requested, access to a defence lawyer; the right to present petitions for procedural actions; and the right to challenge decisions, actions and omissions by the investigator, the public prosecutor and the investigating judge.

Article 303 of the Code of Criminal Procedure distinguishes between decisions and omissions that can be challenged during the pre-trial proceedings (first paragraph) and decisions, acts and omissions that can be considered in court during preparatory proceedings (second paragraph). Article 306 of the Code of Criminal Procedure provides that complaints against decisions, acts or omissions of the investigator or public prosecutor must be considered by an investigating judge of a local Court in the presence of the complainant or his defence lawyer or legal representative. Article 308 of the Code of Criminal Procedure provides that complaints regarding failure by the investigator or public prosecutor to respect reasonable time during the pre-trial investigation may be lodged with a superior public prosecutor and must be considered within three days of being lodged. In addition, Article 309 of the Code of Criminal Procedure specifies the decisions of investigating judges that may be challenged on appeal, and that other decisions may be subject to judicial review in the course of preparatory proceedings in Court. Moreover, a number of procedural investigating actions are only possible subject to a ruling by the investigating judge or a Court (e.g. seizure of property under Articles 167-175, and measures of detention under Articles 176-178, of the Code of Criminal Procedure).

**Application of the rights of defence and the right to effective judicial protection of each of the listed persons**

1. **Viktor Fedorovych Yanukovych**

The criminal proceedings relating to the misappropriation of public funds or assets are still ongoing.

The information on the Council's file shows that the rights of defence and the right to effective judicial protection of Mr Yanukovych, including the fundamental right to have his case heard within a reasonable time by an independent and impartial tribunal, were respected in the criminal proceedings on which the Council relied. This is demonstrated in particular by the decision of the Supreme Anti-Corruption Court of Ukraine of 10 August 2020 in criminal proceeding No 42016000000000785 in which the Court examined the petition of the National Anti-Corruption Bureau of Ukraine and granted permission to apprehend Mr Yanukovych. In the Court's ruling, the investigating judge confirmed that there is a reasonable suspicion for Mr Yanukovych's involvement in a criminal offence relating to misappropriation, and confirmed Mr Yanukovych's status as suspect in the criminal proceedings.

The Supreme Anti-Corruption Court also established that Mr Yanukovych has been staying outside Ukraine since 2014. The Court concluded that there were sufficient grounds to believe that Mr Yanukovych was hiding from the pre-trial investigation bodies.

Additionally, on 15 September 2021, the Supreme Anti-Corruption Court of Ukraine followed the motion of the National Anti-Corruption Bureau of Ukraine and granted permission for the detention of Mr Yanukovych. In that decision, the investigating judge confirmed the conclusions of the Supreme Anti-Corruption Court of Ukraine of 10 August 2020.

In criminal proceeding No 42015000000002833, the Supreme Anti-Corruption Court of Ukraine in its ruling of 25 August 2021 granted permission to conduct a special pre-trial investigation in relation to Mr Yanukovych. In that ruling, the investigating judge confirmed the status of suspect of Mr Yanukovych and concluded that the evidence gives reasonable grounds for suspicion that Mr Yanukovych committed the criminal offences of which he is suspected. The judge also concluded that there are reasonable grounds to believe that Mr Yanukovych is deliberately evading the investigation and the court in order to avoid criminal liability. Furthermore, in its ruling of 7 October 2021 the Supreme Anti-Corruption Court of Ukraine imposed detention in custody on Mr Yanukovych. In the ruling, the Court confirmed the status of suspect of Mr Yanukovych as well as the reasonable grounds for suspicion that Mr Yanukovych committed criminal offences. The judge also highlighted that there is a risk of Mr Yanukovych hiding from the investigation and the court to avoid criminal liability.

The Council has information that on 29 December 2021 the prosecutor considered that the evidence gathered during the pre-trial investigation was sufficient to draw up an indictment and Mr Yanukovych and his lawyers were notified about the completion of the pre-trial investigation. The defence was granted access to the materials of the pre-trial investigation for familiarisation, in line with the provisions of the Code of Criminal Procedure of Ukraine.

In accordance with the case-law of the European Court of Human Rights, the Council considers that the periods during which Mr Yanukovych has been avoiding investigation must be excluded from the calculation of the period relevant for the assessment of respect for the right to a trial within a reasonable time. The Council therefore considers that the circumstances described in the decision of the Supreme Anti-Corruption Court attributed to Mr Yanukovych have significantly contributed to the length of the investigation.

2. **Vitalii Yuriyovych Zakharchenko**

The criminal proceedings relating to the misappropriation of public funds or assets are still ongoing.

The information on the Council's file shows that the rights of defence and the right to effective judicial protection of Mr Zakharchenko, including the fundamental right to have his case heard within a reasonable time by an independent and impartial tribunal, were respected in the criminal proceedings on which the Council relied. This is demonstrated in particular by the decisions of the investigating judge of 19 April 2021 ordering detention in custody of Mr Zakharchenko, as well as the ruling of the Pecherskyi District Court of Kyiv dated 10 August 2021 granting permission to carry out a special pre-trial investigation in criminal proceeding No 42016000000002929. Those decisions of the investigating judges confirm the status of suspect of Mr Zakharchenko and highlight that the suspect is hiding from the investigation to avoid criminal liability.

Moreover, the Council has information that the Ukrainian authorities took measures to search for Mr Zakharchenko. On 12 February 2020, the investigating body decided to put Mr Zakharchenko on the international wanted list and forwarded the request to the Department of International Police Cooperation of the National Police of Ukraine for entry into the Interpol database. Additionally, on 11 May 2021, Ukraine sent a request for international legal assistance to the Russian Federation to establish the whereabouts of Mr Zakharchenko, which was rejected by Russia on 31 August 2021.

No violation of the rights of defence and the right to effective judicial protection can be ascertained in the circumstances where the defence is not exercising those rights.

In accordance with the case-law of the European Court of Human Rights, the Council considers that the periods during which Mr Zakharchenko has been avoiding investigation must be excluded from the calculation of the period relevant for the assessment of respect for the right to a trial within a reasonable time. The Council therefore considers that the circumstances described above attributed to Mr Zakharchenko have significantly contributed to the length of the investigation.

3. **Viktor Pavlovych Pshonka**

The criminal proceedings relating to the misappropriation of public funds or assets are still ongoing.

The information on the Council's file shows that the rights of defence and the right to effective judicial protection of Mr V. Pshonka, including the fundamental right to have his case heard within a reasonable time by an independent and impartial tribunal, were respected in the criminal proceedings on which the Council relied. This is demonstrated in particular by the decision of the Supreme Anti-Corruption Court of Ukraine of 2 October 2020, which dismissed the appeal submitted by Mr V. Pshonka's lawyers to cancel the notice of suspicion dated 22 December 2014. The Court concluded that the notice of suspicion was served in accordance with the Code of Criminal Procedure of Ukraine and confirmed Mr V. Pshonka's status as a suspect in the criminal proceedings. Additionally, on 7 May 2020 and 9 November 2020, the Supreme Anti-Corruption Court of Ukraine rejected a request to open proceedings made on the basis of a complaint by lawyers regarding inaction by the National Anti-Corruption Bureau of Ukraine in the criminal proceedings. The Appellate Chamber of the Supreme Anti-Corruption Court confirmed those decisions on 1 June 2020 and 26 November 2020, respectively.

Furthermore, on 16 February 2021, the Supreme Anti-Corruption Court of Ukraine dismissed the appeal of the lawyers to cancel the resolution of the National Anti-Corruption Bureau of Ukraine on the suspension of the pre-trial investigation dated 14 January 2021. In that decision, the Court confirmed the status of suspect of Mr V. Pshonka. Additionally, on 11 March 2021, the Supreme Anti-Corruption Court of Ukraine dismissed the complaint of Mr V. Pshonka's lawyers concerning the inaction of the prosecutor.

The Council has information that the Ukrainian authorities took measures to search for Mr V. Pshonka. On 24 July 2020, a request for international legal assistance was sent to the competent authorities of the Russian Federation to establish the whereabouts of Mr V. Pshonka and to interrogate him. That request was rejected by Russia. Previously, the Russian authorities rejected requests for international legal assistance sent to them in 2016 and 2018.

In accordance with the case-law of the European Court of Human Rights, the Council considers that the periods during which Mr V. Pshonka has been avoiding investigation must be excluded from the calculation of the period relevant for the assessment of respect for the right to a trial within a reasonable time. The Council therefore considers that the circumstances described in the decision of the Supreme Anti-Corruption Court attributed to Mr V Pshonka as well as the earlier non-execution of the requests for international legal assistance have significantly contributed to the length of the investigation.

6. **Viktor Ivanovych Ratushniak**

The criminal proceedings relating to the misappropriation of public funds or assets are still ongoing.

The information on the Council's file shows that the rights of defence and the right to effective judicial protection of Mr Ratushniak, including the fundamental right to have his case heard within a reasonable time by an independent and impartial tribunal, were respected in the criminal proceedings on which the Council relied. This is demonstrated in particular by the decisions of the investigating judge of 19 April 2021 ordering detention in custody on Mr Ratushniak as well as the ruling of the Pecherskyi District Court of Kyiv dated 10 August 2021 granting permission to carry out a special pre-trial investigation in criminal proceeding No 42016000000002929. Those decisions of the investigating judges confirm the status of suspect of Mr Ratushniak and highlight that the suspect is hiding from the investigation to avoid criminal liability.

The Council has information that the Ukrainian authorities took measures to search for Mr Ratushniak. On 12 February 2020, the investigating body decided to put Mr Ratushniak on the international wanted list and forwarded the request to the Department of International Police Cooperation of the National Police of Ukraine for entry into the Interpol database. Additionally, on 11 May 2021 Ukraine sent a request for international legal assistance to the Russian Federation to establish the whereabouts of Mr Ratushniak, which was rejected by Russia on 31 August 2021.

No violation of the rights of defence and the right to effective judicial protection can be ascertained in the circumstances where the defence is not exercising those rights.

In accordance with the case-law of the European Court of Human Rights, the Council considers that the periods during which Mr Ratushniak has been avoiding investigation must be excluded from the calculation of the period relevant for the assessment of respect for the right to a trial within a reasonable time. The Council therefore considers that the circumstances described above attributed to Mr Ratushniak have significantly contributed to the length of the investigation.

7. **Oleksandr Viktorovych Yanukovych**

The criminal proceedings relating to the misappropriation of public funds or assets are still ongoing.

The information on the Council's file shows that the rights of defence and the right to effective judicial protection of Mr O. Yanukovych, including the fundamental right to have his case heard within a reasonable time by an independent and impartial tribunal, were respected in the criminal proceedings on which the Council relied. This is demonstrated in particular by the decisions of the Supreme Anti-Corruption Court of Ukraine. In criminal proceeding No 42015000000002833, the Supreme Anti-Corruption Court of Ukraine in its ruling of 25 August 2021 granted permission to conduct a special pre-trial investigation in relation to Mr O. Yanukovych. In that ruling, the investigating judge confirmed the status of suspect of Mr O. Yanukovych and concluded that the evidence gives reasonable grounds for suspicion that Mr O. Yanukovych committed the criminal offences of which he is suspected. The judge also concluded that there is reasonable ground to believe that Mr O. Yanukovych is deliberately evading the investigation and the court in order to avoid criminal liability.

Furthermore, in its ruling of 13 October 2021, the Supreme Anti-Corruption Court of Ukraine imposed detention in custody on Mr O. Yanukovych. In the ruling the Court confirmed the status of suspect of Mr O. Yanukovych as well as the reasonable grounds for suspicion that Mr O. Yanukovych committed criminal offences. The judge also highlighted that there is a risk of hiding from investigation and the court to avoid criminal liability.

The Council has information that on 29 December 2021 the prosecutor considered the evidence gathered during the pre-trial investigation was sufficient to draw up an indictment and Mr O. Yanukovych and his lawyers were notified about the completion of the pre-trial investigation. The defence was granted access to the materials of the pre-trial investigation for familiarisation, in line with the provisions of the Code of Criminal Procedure of Ukraine.

The Council has information that the Ukrainian authorities took measures to search for Mr O. Yanukovych, who is staying in the Russian Federation and avoiding investigation.

In accordance with the case-law of the European Court of Human Rights, the Council considers that the periods during which Mr O. Yanukovych has been avoiding investigation must be excluded from the calculation of the period relevant for the assessment of respect for the right to a trial within a reasonable time. The Council therefore considers that the circumstances described above attributed to Mr O. Yanukovych have significantly contributed to the length of the investigation.

9. **Artem Viktorovych Pshonka**

The criminal proceedings relating to the misappropriation of public funds or assets are still ongoing.

The information on the Council's file shows that the rights of defence and the right to effective judicial protection of Mr A. Pshonka, including the fundamental right to have his case heard within a reasonable time by an independent and impartial tribunal, were respected in the criminal proceedings on which the Council relied. This is demonstrated in particular by the decision of the Supreme Anti-Corruption Court of Ukraine of 8 July 2020, which dismissed the appeal submitted by Mr A. Pshonka's lawyers to cancel the resolution of the prosecutor dated 30 April 2015 on the suspension of the pre-trial investigation. The Court also concluded that the notice of suspicion was served in accordance with the Code of Criminal Procedure of Ukraine and confirmed Mr A. Pshonka's status as suspect in the criminal proceedings.

Furthermore, on 10 February 2021, the Supreme Anti-Corruption Court of Ukraine dismissed the appeal of the lawyers to cancel the resolution of the National Anti-Corruption Bureau of Ukraine on the suspension of the pre-trial investigation dated 14 January 2021. In that decision the Court confirmed the status of suspect of Mr A. Pshonka. Additionally, on 11 March 2021, the Supreme Anti-Corruption Court of Ukraine dismissed the complaint of Mr A. Pshonka's lawyers concerning the inaction of the prosecutor.

The Council has information that the Ukrainian authorities took measures to search for Mr A Pshonka. On 24 July 2020, a request for international legal assistance was sent to the competent authorities of the Russian Federation to establish the whereabouts of the suspect and to interrogate him. That request was rejected by Russia. Previously, the Russian authorities rejected the request for international legal assistance sent to them in 2018.

In accordance with the case-law of the European Court of Human Rights, the Council considers that the periods during which Mr A. Pshonka has been avoiding investigation must be excluded from the calculation of the period relevant for the assessment of respect for the right to a trial within a reasonable time. The Council therefore considers that the circumstances described in the decision of the Supreme Anti-Corruption Court attributed to Mr A. Pshonka as well as to an earlier non-execution of the request for international legal assistance have significantly contributed to the length of the investigation.

12. **Serhiy Vitalyovych Kurchenko**

The criminal proceedings relating to the misappropriation of public funds or assets are still ongoing.

The information on the Council's file shows that the rights of defence and the right to effective judicial protection of Mr Kurchenko, including the fundamental right to have his case heard within a reasonable time by an independent and impartial tribunal, were respected in the criminal proceedings on which the Council relied. This is demonstrated in particular by the fact that the defence was notified about the completion of the pre-trial investigation in criminal proceeding No 42016000000003393 on 28 March 2019 and was provided access to the materials for familiarisation. The Council has information that the familiarisation by the defence is ongoing. On 11 October 2021, the National Anti-Corruption Bureau of Ukraine additionally informed the defence lawyers of Mr Kurchenko about the completion of the pre-trial investigation and the provision of access to the materials of the pre-trial investigation for familiarisation. The Council received information that the National Anti-Corruption Bureau of Ukraine filed a motion to establish a term for the review by the defence party in order to address the delay of the defence party in reviewing the materials of the pre-trial investigation.

In relation to criminal proceeding No 12014160020000076, in its decision of 18 September 2020, the Odessa Court of Appeal granted the appeal by the prosecutor and imposed a preventive measure of detention in custody on Mr Kurchenko. The Court also stated that Mr Kurchenko departed Ukraine in 2014 and that his location cannot be established. The Court concluded that Mr Kurchenko is hiding from the pre-trial investigation bodies in order to avoid criminal liability. On 20 December 2021, the Kyivskyi District Court of Odesa City granted permission to carry out a special pre-trial investigation in absentia. Furthermore, on 20 October 2021 the Kyivskyi District Court of Odesa City dismissed the appeal of the lawyers to cancel the resolution of the prosecutor on the suspension of the pre-trial investigation dated 27 July 2021.

The Council has information that the Ukrainian authorities took measures to search for Mr Kurchenko. On 13 May 2021, the Main Department of the National Police in Odessa Region forwarded the request to the Ukrainian Bureau of Interpol and Europol to publish a Red Notice concerning Mr Kurchenko, which is under consideration. The Council was informed that on 29 April 2020 the Ukrainian authorities sent a request for international legal assistance to the Russian Federation, which was returned on 28 July 2020 without execution.

In accordance with the case-law of the European Court of Human Rights, the Council considers that the periods during which Mr Kurchenko has been avoiding investigation must be excluded from the calculation of the period relevant for the assessment of respect for the right to a trial within a reasonable time. The Council therefore considers that the circumstances described in the decision of the Odessa Court of Appeal attributed to Mr Kurchenko as well as the non-execution of the request for international legal assistance have significantly contributed to the length of the investigation.'.

**ОДЛУКА (ЗНБП) 2022/376 НА СОВЕТОТ**

**од 3 март 2022 година**

**за изменување на Одлуката 2014/119/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во поглед на состојбата во Украина**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската Унија, а особено член 29 од истиот,

имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 5 март 2014 година, Советот ја донесе Одлуката 2014/119/ЗНБП ([1]).

(2) Врз основа на преглед на Одлуката 2014/119/ЗНБП, примената на рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела треба да продолжи до 6 март 2023 година во однос на три лица и до 6 септември 2022 година во однос на четири лица. Понатаму, треба да се ажурираат информациите во Анексот кон Одлуката 2014/119/ЗНБП за правата на одбрана и правото на ефикасна судска заштита, вклучувајќи го и основното право на фер и јавно сослушување во разумен рок од независен и непристрасен суд кој е претходно основан со закон. Освен тоа, треба да се избрише внесот за едно лице – против кое примената на рестриктивните мерки истекла на 6 септември 2021 година – како и информациите за неговите права на одбрана и неговото право на ефикасна судска заштита.

(3) Затоа, Одлуката 2014/119/ЗНБП треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Одлуката 2014/119/ЗНБП се изменува како што следува:

(1) во член 5, вториот став се заменува со следното:

„Оваа одлука се применува до 6 март 2023 година. Во однос на внесовите 1, 3, 7 и 9 во Анексот, мерките од член 1 се применуваат до 6 септември 2022 година.“;

(2) Анексот се изменува како што е утврдено во Анексот кон оваа одлука.

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија*.

Брисел, 3 март 2022 година.

*За Советот*

*Претседател*

Ж. ДАРМАНЕН

---

([1]) Одлука 2014/119/ЗНБП на Советот од 5 март 2014 година за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во поглед на состојбата во Украина (Сл. весник L 66, 6.3.2014 година, стр. 26).

*АНЕКС*

Анексот кон Одлуката 2014/119/ЗНБП се изменува како што следува:

(1) во Оддел А („Список на лица, субјекти и тела наведени во член 1“), се брише внесот за следното лице:

17. Oleksandr Viktorovych Klymenko (Олександр Вікторович Клименко);

(2) Оддел Б („Права на одбрана и право на ефикасна судска заштита“) се заменува со следното:

„Б. Права на одбрана и правото на ефикасна судска заштита

**Правата на одбрана и правото на ефикасна судска заштита според Законот за кривична постапка на Украина**

Член 42 од Законот за кривична постапка на Украина („Закон за кривична постапка“) предвидува дека секое лице кое е осомничено или обвинето во кривична постапка ужива права на одбрана и право на ефикасна судска заштита. Ова вклучува: право да биде информирано за кривичното дело за кое е осомничено или обвинето; правото да биде јасно и навремено информирано за своите права според Законот за кривична постапка; право на бранител кога првпат е побаран; право на поднесување претставки за процесни дејствија; и право на оспорување одлуки, дејствија и пропусти на истражителот, јавниот обвинител и истражниот судија.

Член 303 од Законот за кривична постапка прави разлика помеѓу одлуки и пропусти што можат да се оспорат во текот на предистражната постапка (прв став) и одлуки, дејствија и пропусти кои можат да се разгледуваат во Судот во текот на подготвителната постапка (втор став). Член 306 од Законот за кривичната постапка предвидува дека жалбите против одлуки, дејствија или пропусти на истражителот или јавниот обвинител мора да ги разгледува истражен судија на локален суд во присуство на подносителот на жалбата или неговиот бранител или законски застапник. Член 308 од Законот за кривична постапка предвидува дека жалбите за непочитувањето на разумниот рок од страна на истражителот или јавниот обвинител во текот на предистражната постапка може да се поднесат до претпоставениот јавен обвинител и мора да се разгледаат во рок од три дена од поднесувањето. Покрај тоа, член 309 од Законот за кривична постапка ги прецизира одлуките на истражните судии кои можат да бидат оспорени со жалба, и посочува дека другите одлуки можат да подлежат на судска ревизија во текот на подготвителната постапка во Судот. Освен тоа, голем број процесни истражни дејствија се можни само врз основа на пресуда на истражниот судија или суд (на пр. запленување на имот според членовите 167-175 и мерки притвор според членовите 176-178 од Законот за кривична постапка).

**Примена на правата на одбрана и правото на ефикасна судска заштита на секое од наведените лица**

1. **Viktor Fedorovych Yanukovych**

Сè уште е во тек кривичната постапка за злоупотреба на јавни средства или имот.

Информациите од досието на Советот покажуваат дека правата на одбрана и правото на ефикасна судска заштита на г. Yanukovych, вклучително и основното право неговиот случај да биде сослушан во разумен рок од независен и непристрасен суд, биле почитувани во кривичните постапки на кои се потпирал Советот. Ова особено го покажува одлуката на Врховниот антикорупциски суд на Украина од 10 август 2020 година во кривичната постапка бр. 42016000000000785 во која Судот го разгледал поднесокот на Националното биро за борба против корупција на Украина и дал одобрение да се уапси г. Yanukovych. Во пресудата на Судот, истражниот судија потврдил дека постои основано сомневање за вмешаност на г. Yanukovych во кривично дело поврзано со злоупотреба и потврдил дека г. Yanukovych има статус на осомничен во кривичната постапка.

Врховниот антикорупциски суд, исто така, утврдил дека г. Yanukovych престојува надвор од Украина од 2014 година. Судот заклучил дека има доволно основани причини да се верува дека г. Yanukovych се криел од телата за предистражната постапка.

Освен тоа, на 15 септември 2021 година, Врховниот антикорупциски суд на Украина го прифатил барањето на Националното биро за борба против корупција на Украина и дал одобрение за притвор на г. Yanukovych. Во таа одлука, истражниот судија ги потврдил заклучоците на Врховниот антикорупциски суд на Украина од 10 август 2020 година.

Во кривичната постапка бр. 42015000000002833, Врховниот антикорупциски суд на Украина во својата пресуда од 25 август 2021 година, дал одобрение за спроведување на посебна предистражна постапка во врска со г. Yanukovych. Во таа пресуда, истражниот судија потврдил дека г. Yanukovych има статус на осомничен и заклучил дека врз основа на доказите постои основано сомневање дека г. Yanukovych го извршил кривичното дело за кое е осомничен. Судијата, исто така, заклучил дека има оправдани основи да се верува дека г. Yanukovych намерно ги избегнува истрагата и Судот за да избегне кривична одговорност. Понатаму, во својата пресуда од 7 октомври 2021 година, Врховниот антикорупциски суд на Украина му одредил мерка притвор на г. Yanukovych. Во пресудата, истражниот судија потврдил дека г. Yanukovych има статус на осомничен и дека постои основано сомневање дека г. Yanukovych го извршил кривичното дело за кое е осомничен. Судијата, исто така, истакнал дека постои ризик г. Yanukovych да се крие од истрагата и Судот за да избегне кривична одговорност.

Советот располага со информации дека на 29 декември 2021 година обвинителот сметал дека доказите собрани во текот на предистражната постапка биле доволни за да се состави обвинение и г. Yanukovych и

неговите адвокати биле известени за завршувањето на предистражната постапка. На одбраната ѝ бил одобрен пристап за запознавање со материјалите собрани во предистражната постапка, во согласност со одредбите на Законот за кривична постапка на Украина.

Во согласност со судската пракса на Европскиот суд за човекови права, Советот смета дека периодите во текот на кои г. Yanukovych ја избегнува истрагата мора да бидат исклучени од пресметката на периодот релевантен за процената на почитување на правото на судење во разумен рок. Затоа, Советот смета дека околностите опишани во одлуката на Врховниот антикорупциски суд што му се припишуваат на г. Yanukovych значително придонеле за траењето на истрагата.

2. **Vitalii Yuriyovych Zakharchenko**

Сè уште е во тек кривичната постапка за злоупотреба на јавни средства или имот.

Информациите од досието на Советот покажуваат дека правата на одбрана и правото на ефикасна судска заштита на г. Zakharchenko, вклучително и основното право неговиот случај да биде сослушан во разумен рок од независен и непристрасен суд, биле почитувани во кривичните постапки на кои се потпирал Советот. Ова особено го покажуваат одлуките на истражниот судија од 19 април 2021 година, за определување мерка притвор за г. Zakharchenko, како и пресудата на Окружниот суд Pecherskyi во Киев од 10 август 2021 година, со која се дава одобрение за спроведување на посебна предистражна постапка во кривична постапка бр. 42016000000002929. Тие одлуки на истражните судии потврдуваат дека г. Zakharchenko има статус на осомничен и нагласуваат дека осомничениот се крие од истрагата за да избегне кривична одговорност.

Освен тоа, Советот располага со информации дека украинските власти презеле мерки за потрага по г. Zakharchenko. На 12 февруари 2020 година, истражното тело одлучило да го стави г. Zakharchenko на меѓународната листа на лица кои се бараат и го проследило барањето до Одделот за меѓународна полициска соработка на Националната полиција на Украина за внесување во базата на податоци на Интерпол. Покрај тоа, на 11 мај 2021 година, Украина испратила барање за меѓународна правна помош до Руската Федерација за да се утврди каде се наоѓа г. Zakharchenko, што било одбиено од Русија на 31 август 2021 година.

Не може да се констатира повреда на правата на одбрана и правото на ефикасна судска заштита во околности кога одбраната не ги остварува тие права.

Во согласност со судската пракса на Европскиот суд за човекови права, Советот смета дека периодите во текот на кои г. Zakharchenko ја избегнува истрагата мора да бидат исклучени од пресметката на периодот релевантен за процената на почитување на правото на судење во разумен рок. Затоа, Советот смета дека околностите опишани погоре што му се

припишуваат на г. Zakharchenko значително придонеле за траењето на истрагата.

3. **Viktor Pavlovych Pshonka**

Сè уште е во тек кривичната постапка за злоупотреба на јавни средства или имот.

Информациите од досието на Советот покажуваат дека правата на одбрана и правото на ефикасна судска заштита на г. V. Pshonka, вклучително и основното право неговиот случај да биде сослушан во разумен рок од независен и непристрасен суд, биле почитувани во кривичните постапки на кои се потпирал Советот. Ова особено го покажува одлуката на Врховниот антикорупциски суд на Украина од 2 октомври 2020 година, со која се отфрла жалбата поднесена од адвокатите на г. V. Pshonka за поништување на известувањето за сомневање од 22 декември 2014 година. Судот заклучил дека известувањето за сомневање било доставено во согласност со Законот за кривична постапка на Украина и го потврдил статусот на г. V. Pshonka како осомничен во кривичната постапка. Покрај тоа, на 7 мај 2020 година и на 9 ноември 2020 година, Врховниот антикорупциски суд на Украина го отфрлил барањето за отворање постапка поднесено врз основа на жалба на адвокатите во врска со непостапувањето на Националното биро за борба против корупцијата на Украина во кривичната постапка. Жалбениот совет при Врховниот антикорупциски суд ги потврдил тие одлуки на 1 јуни 2020 година и на 26 ноември 2020 година, соодветно.

Понатаму, на 16 февруари 2021 година, Врховниот антикорупциски суд на Украина ја отфрлил жалбата на адвокатите за поништување на одлуката на Националното биро за борба против корупцијата на Украина за запирање на предистражната постапка од 14 јануари 2021 година. Во таа одлука, Судот потврдил дека г. V. Pshonka има статус на осомничен. Покрај тоа, на 11 март 2021 година, Врховниот антикорупциски суд на Украина ја отфрлил жалбата на адвокатите на г. V. Pshonka во врска со непостапувањето на обвинителот.

Советот располага со информации дека украинските власти презеле мерки за потрага по г. V. Pshonka. На 24 јули 2020 година, до надлежните органи на Руската Федерација било испратено барање за меѓународна правна помош за да се утврди каде се наоѓа г. V. Pshonka и да биде распитан. Русија го одбила тоа барање. Претходно, руските надлежни органи ги одбиле барањата за меѓународна правна помош кои им биле испратени во 2016 година и во 2018 година.

Во согласност со судската пракса на Европскиот суд за човекови права, Советот смета дека периодите во текот на кои г. V. Pshonka ја избегнува истрагата мора да бидат исклучени од пресметката на периодот релевантен за процената на почитување на правото на судење во разумен рок. Затоа, Советот смета дека околностите опишани во одлуката на Врховниот антикорупциски суд што му се припишуваат на г. V Pshonka,

како и претходното неизвршување на барањата за меѓународна правна помош, значително придонеле за траењето на истрагата.

6. **Viktor Ivanovych Ratushniak**

Сè уште е во тек кривичната постапка за злоупотреба на јавни средства или имот.

Информациите од досието на Советот покажуваат дека правата на одбрана и правото на ефикасна судска заштита на г. Ratushniak, вклучително и основното право неговиот случај да биде сослушан во разумен рок од независен и непристрасен суд, биле почитувани во кривичните постапки на кои се потпирал Советот. Ова особено го покажуваат одлуките на истражниот судија од 19 април 2021 година, за определување мерка притвор за г. Ratushniak, како и пресудата на Окружниот суд Pecherskyi во Киев од 10 август 2021 година, со која се дава одобрение за спроведување на посебна предистражна постапка во кривична постапка бр. 42016000000002929. Тие одлуки на истражните судии потврдуваат дека г. Ratushniak има статус на осомничен и нагласуваат дека осомничениот се крие од истрагата за да избегне кривична одговорност.

Советот располага со информации дека украинските власти презеле мерки за потрага по г. Ratushniak. На 12 февруари 2020 година, истражното тело одлучило да го стави г. Ratushniak на меѓународната листа на лица кои се бараат и го проследило барањето до Одделот за меѓународна полициска соработка на Националната полиција на Украина за внесување во базата на податоци на Интерпол. Покрај тоа, на 11 мај 2021 година, Украина испратила барање за меѓународна правна помош до Руската Федерација за да се утврди каде се наоѓа г. Ratushniak, што било одбиено од Русија на 31 август 2021 година.

Не може да се констатира повреда на правата на одбрана и правото на ефикасна судска заштита во околности кога одбраната не ги остварува тие права.

Во согласност со судската пракса на Европскиот суд за човекови права, Советот смета дека периодите во текот на кои г. Ratushniak ја избегнува истрагата мора да бидат исклучени од пресметката на периодот релевантен за процената на почитување на правото на судење во разумен рок. Затоа, Советот смета дека околностите опишани погоре што му се припишуваат на г. Ratushniak значително придонеле за траењето на истрагата.

7. **Oleksandr Viktorovych Yanukovych**

Сè уште е во тек кривичната постапка за злоупотреба на јавни средства или имот.

Информациите од досието на Советот покажуваат дека правата на одбрана и правото на ефикасна судска заштита на г. O. Yanukovych, вклучително и

основното право неговиот случај да биде сослушан во разумен рок од независен и непристрасен суд, биле почитувани во кривичните постапки на кои се потпирал Советот. Ова особено го покажуваат одлуките на Врховниот антикорупциски суд на Украина. Во кривичната постапка бр. 42015000000002833, Врховниот антикорупциски суд на Украина во својата пресуда од 25 август 2021 година, дал одобрение за спроведување на посебна предистражна постапка во врска со г. O. Yanukovych. Во таа пресуда, истражниот судија потврдил дека г. O. Yanukovych има статус на осомничен и заклучил дека врз основа на доказите постои основано сомневање дека г. O. Yanukovych го извршил кривичното дело за кое е осомничен. Судијата, исто така, заклучил дека има оправдани основи да се верува дека г. O. Yanukovych намерно ги избегнува истрагата и Судот за да избегне кривична одговорност.

Понатаму, во својата пресуда од 13 октомври 2021 година, Врховниот антикорупциски суд на Украина му определил мерка притвор на г. O. Yanukovych. Во таа пресуда, истражниот судија потврдил дека г. O. Yanukovych има статус на осомничен и заклучил дека постои основано сомневање дека г. O. Yanukovych извршил кривични дела. Судијата, исто така, истакнал дека постои ризик од криење од истрагата и од Судот за да се избегне кривична одговорност.

Советот располага со информации дека на 29 декември 2021 година обвинителот сметал дека доказите собрани во текот на предистражната постапка биле доволни за да се состави обвинение и г. O. Yanukovych и неговите адвокати биле известени за завршувањето на предистражната постапка. На одбраната ѝ бил одобрен пристап за запознавање со материјалите собрани во предистражната постапка, во согласност со одредбите на Законот за кривична постапка на Украина.

Советот располага со информации дека украинските власти презеле мерки за потрага по г. O. Yanukovych, кој престојува во Руската Федерација и ја избегнува истрагата.

Во согласност со судската пракса на Европскиот суд за човекови права, Советот смета дека периодите во текот на кои г. O. Yanukovych ја избегнува истрагата мора да бидат исклучени од пресметката на периодот релевантен за процената на почитување на правото на судење во разумен рок. Затоа, Советот смета дека околностите опишани погоре што му се припишуваат на г. O. Yanukovych значително придонеле за траењето на истрагата.

9. **Artem Viktorovych Pshonka**

Сѐ уште е во тек кривичната постапка за злоупотреба на јавни средства или имот.

Информациите од досието на Советот покажуваат дека правата на одбрана и правото на ефикасна судска заштита на г. A. Pshonka, вклучително и основното право неговиот случај да биде сослушан во разумен рок од

независен и непристрасен суд, биле почитувани во кривичните постапки на кои се потпирал Советот. Ова особено го покажува одлуката на Врховниот антикорупциски суд на Украина од 8 јули 2020 година, со која се отфрла жалбата поднесена од адвокатите на г. A. Pshonka за поништување на одлуката на обвинителот од 30 април 2015 година за запирање на предистражната постапка. Исто така, Судот заклучил дека известувањето за сомневање било доставено во согласност со Законот за кривична постапка на Украина и го потврдил статусот на г. A. Pshonka како осомничен во кривичната постапка.

Понатаму, на 10 февруари 2021 година, Врховниот антикорупциски суд на Украина ја отфрлил жалбата на адвокатите за поништување на одлуката на Националното биро за борба против корупцијата на Украина за запирање на предистражната постапка од 14 јануари 2021 година. Во таа одлука, Судот потврдил дека г. A. Pshonka има статус на осомничен. Покрај тоа, на 11 март 2021 година, Врховниот антикорупциски суд на Украина ја отфрлил жалбата на адвокатите на г. A. Pshonka во врска со непостапувањето на обвинителот.

Советот располага со информации дека украинските власти презеле мерки за потрага по г. A. Pshonka. На 24 јули 2020 година, до надлежните органи на Руската Федерација било испратено барање за меѓународна правна помош за да се утврди каде се наоѓа г. A. Pshonka и да биде распитан. Русија го одбила тоа барање. Претходно, руските надлежни органи ги одбиле барањата за меѓународна правна помош кои им биле испратени во 2016 година и во 2018 година.

Во согласност со судската пракса на Европскиот суд за човекови права, Советот смета дека периодите во текот на кои г. A. Pshonka ја избегнува истрагата мора да бидат исклучени од пресметката на периодот релевантен за процената на почитување на правото на судење во разумен рок. Затоа, Советот смета дека околностите опишани во одлуката на Врховниот антикорупциски суд што му се припишуваат на г. A. Pshonka, како и претходното неизвршување на барањата за меѓународна правна помош, значително придонеле за траењето на истрагата.

12. **Serhiy Vitalyovych Kurchenko**

Сè уште е во тек кривичната постапка за злоупотреба на јавни средства или имот.

Информациите од досието на Советот покажуваат дека правата на одбрана и правото на ефикасна судска заштита на г. Kurchenko, вклучително и основното право неговиот случај да биде сослушан во разумен рок од независен и непристрасен суд, биле почитувани во кривичните постапки на кои се потпирал Советот. Ова особено се покажува со фактот дека на 28 март 2019 година одбраната била известена за завршувањето на предистражната постапка во кривична постапка бр. 42016000000003393 и ѝ бил одобрен пристап за запознавање со материјалите. Советот располага со информации дека запознавањето со материјалите од страна на

одбраната е во тек. На 11 октомври 2021 година, Националното биро за борба против корупцијата на Украина дополнително ги информирало адвокатите на одбраната на г. Kurchenko за завршувањето на предистражната постапка и за обезбедувањето пристап за запознавање со материјалите собрани во предистражната постапка. Советот добил информации дека Националното биро за борба против корупција на Украина поднело барање за утврдување термин за преглед на материјалите од страна на одбраната, со цел да се реши доцнењето на одбраната во прегледот на материјалите собрани во предистражната постапка.

Во врска со кривичната постапка бр. 12014160020000076, Апелациskiот суд во Одеса во својата одлука од 18 септември 2020 година ја усвоил жалбата на обвинителот и му одредил превентивна мерка притвор на г. Kurchenko. Судот исто така изјавил дека г. Kurchenko ја напуштил Украина во 2014 година и дека неговата локација не може да се утврди. Судот заклучил дека г. Kurchenko се крие од предистражните тела за да избегне кривична одговорност. На 20 декември 2021 година, Окружен суд Kyivskyi во Одеса дал одобрение за спроведување посебна предистражна постапка во отсуство. Понатаму, на 20 октомври 2021 година, Окружниот суд Kyivskyi во Одеса ја отфрлил жалбата на адвокатите за поништување на одлуката на обвинителот за запирање на предистражната постапка од 27 јули 2021 година.

Советот располага со информации дека украинските власти презеле мерки за потрага по г. Kurchenko. На 13 мај 2021 година, Главниот оддел на националната полиција во регионот Одеса го проследил барањето до украинското биро на Интерпол и Европол за издавање црвена потерница за г. Kurchenko, кое се разгледува. Советот бил информиран дека на 29 април 2020 година украинските власти испратиле барање за меѓународна правна помош до Руската Федерација, кое било вратено на 28 јули 2020 година без извршување.

Во согласност со судската пракса на Европскиот суд за човекови права, Советот смета дека периодите во текот на кои г. Kurchenko ја избегнува истрагата мора да бидат исклучени од пресметката на периодот релевантен за процената на почитување на правото на судење во разумен рок. Затоа, Советот смета дека околностите опишани во одлуката на Апелациskiот суд во Одеса што му се припишуваат на г. Kurchenko, како и неизвршувањето на барањето за меѓународна правна помош, значително придонеле за траењето на истрагата.“.